КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ

НЕРЕВИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

за период 01.01.2026 – 30.09.2026

Образец бр. 1

БИЛАНС НА СОСТОЈБА
на ден 30.09.2026 година

р.б.	група на конта или конто	П О З И Ц И Ј А	Белешка	31.12.2025 во МКД	30.09.2026 во МКД
1	2	3	4	5	6
		СРЕДСТВА			
1		**А.Побарувања за запишана а неуплатена основна главнина**		-	-
2		***Б. Долгорочни средства (3+10+18+19+27+28)***		***510.906.322***	***551.763.462***
3	**00**	**Нематеријални средства (4+5+6+7+8+9)**	**12**	**3.370.615**	**2.608.441**
4		1.Основачки издатоци		-	-
5		2.Гудвил (Goodwil)		-	-
6		3.Патенти, лиценци и концесии		-	-
7		4.Заштитни знаци и слични права		3.370.615	2.608.441
8		5.Аванси за нематеријални средства		-	-
9		6.Останати нематеријални средства		-	-
10	**01**	**Материјални средства (11+12+13+14+15+16+17)**	**13**	**44.636.684**	**43.096.804**
11		1.Земјишта и шуми		-	
12		2.Градежни објекти		35.905.518	34.653.708
13		3.Постројки и опрема		3.488.776	4.217.285
14		4. Алат, погонски и канцелариски материјал, мебел и транспортни средства		5.242.390	4.225.811
15		5.Аванси за материјални средства		-	-
16		6.Материјални средства во подготовка		-	-
17		7.Останати материјални средства		-	-
18	**02**	**Вложувања во недвижности**		-	-
19	**03**	**Долгорочни финансиски вложувања (20+21+22+23+24+25+26)**		**462.899.023**	**506.058.217**
20		1.Вложувања во поврзани субјекти (во акции или удели)		-	-
21		2.Заеми на поврзани субјекти		-	-
22		3. Финансиски средства кои се чуваат до доспевање	**16**	462.899.023	506.058.217
23		4. Финансиски средства расположиви за продажба		-	-
24		5. Финансиски средства според објективна вредност преку добивка или загуба		-	-
25		6. Дадени кредити, депозити и кауции		-	-
26		7. Останати долгорочни вложувања		-	-

27	**04**	**Долгорочни побарувања**		**-**	**-**
28	**05**	**Одложени даночни средства**		**-**	**-**
29		***В. Краткорочни средства (30+38+42+49+55+59+60+67+72+73)***		**412.770.885**	**340.683.909**
30	**10**	**Парични средства и парични еквиваленти (31+32+33+34+35+36+37)**	**15**	**103.220.402**	**138.911.974**
31		1.Жиро сметки		103.195.979	138.881.456
32		2.Благајна		3.272	8.472
33		3.Девизни сметки		3.289	-
34		4.Девизни акредитиви			-
35		5.Девизна благајна		7.765	7.916
36		6. Депозити и хартии од вредност- парични еквиваленти		-	-
37		7.Останати парични средства		10.097	14.130
38	**11**	**Побарувања од поврзани субјекти (39+40+41)**		**-**	-
39		1. Побарувања од поврзани субјекти по основ на продажба на производи и услуги		**-**	-
40		2. Побарувања по камати од поврзани субјекти		**-**	-
41		3. Останати побарувања од поврзани субјекти		**-**	-
42	**12**	**Побарувања од купувачите (43+44+45+46+47+48)**	**19**	**30.138.176**	**23.919.339**
43		1.Побарувања од купувачи		-	**-**
44		2.Побарување за надоместок од уплатени придонеси		29.882.513	23.799.787
45		3.Побарување за надоместок за управување со средства		-	-
46		4.Побарувања за надоместок за премин		-	-
47		5. Побарувања од камати на депозити и хартии од вредност		-	-
48		6. Останати побарувања		255.663	119.552
49	**13**	**Побарувања од државата и други институции (50+51+52+53+54)**	**19**	**1.459**	**-**
50		1. Данок на додадена вредност		-	**-**
51		2. Побарувања за повеќе платен персонален данок на доход		298	-
52		3.Побарувања за повеќе платени даноци и придонеси од плати		1.161	-
53		4. Побарувања за повеќе платени даноци од добивката		**-**	-
54		5. Побарувања од државата и други институции врз основа на останати неспомнати давачки		**-**	-
55	**14**	**Побарувања од вработените (56+57+58)**	**19**	**3.662**	**11.434**

56		1.Побарувања од вработените за повеќе исплатени плати и надоместоци на плати и други примања		2.682	-
57		2.Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања		-	-
58		3. Останати побарувања од вработените		980	11.434
59	**15**	**Останати побарувања**		-	-
60	**16**	**Краткорочни финансиски средства (61+62+63+64+65+66)**		**247.498.584**	**142.023.870**
61		1.Вложувања во поврзани субјекти (во акции или удели)		-	-
62		2. Краткорочни кредити и заеми		-	-
63		3. Хартии од вредност кои се чуваат до доспевање	**16**	35.087.344	10.813.721
64		4. Хартии од вредност според објективна вредност преку добивка или загуба	**17**	121.395.158	111.663.081
65		5. Краткорочно орочени средства	**18**	91.016.082	19.547.068
66		6. Останати краткорочни вложувања		-	-
67	**19**	**Платени трошоци за идните периоди и недостасана наплата на приходи (АВР) (68+69+70+71)**	**20**	**31.908.602**	**35.705.796**
68		1.Однапред платени трошоци		785.583	708.608
69		2.Трошоци што се разграничуваат на повеќе години		2.119.356	2.227.119
70		3.Пресметани приходи што не можеле да бидат фактурирани		29.003.663	32.770.069
71		4.Останати платени трошоци и пресметани приходи		-	-
72	**32**	**Залиха на резервни делови**		-	-
73	**35**	**Залиха на ситен инвентар и амбалажа**		-	**111.496**
74		***Г.Вкупно средства (1+2+29)***		***923.677.207***	***892.447.371***
75		***Д.Вонбилансна евиденција***			-
		ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ			-
76		***А.Главнина и резерви (77+81+82+83+87+90)***		***883.395.222***	**869.391.325**
77	**90**	**Основна главнина- запишан капитал (78+79+80)**	**21**	**110.459.024**	**110.459.024**
78		1. Основна главнина- запишан и уплатен капитал		110.459.024	110.459.024
79		2. Запишана а неуплатена основна главнина		-	-
80		3. Сопствени акции и удели		-	-
81	**91**	**Премии на емитирани акции**		-	-
82	**93**	**Ревалоризициона резерва**		-	-
83	**94**	**Резерви (84+85+86)**		**32.542.433**	**32.304.206**
84		1.Законски резерви		22.091.804	22.091.804
85		2.Статутарни резерви		-	

86		3.Останати резерви		10.450.629	10.212.402
87	**95**	**Акумулирана добивка и добивка за финансиската година (88+89)**		**740.393.765**	**726.628.095**
88		1.Акумулирана добивка		485.737.269	485.975.496
89		2.Добивка за финансиската година		254.656.496	240.652.599
90	**96**	**Пренесена загуба и загуба за финансиската година (91+92)**		-	-
91		1.Пренесена загуба		-	-
92		2.Загуба за финансиската година		-	-
93		**Б.Долгорочни обврски (94+97)**		**3.896.276**	**3.397.117**
94	**27**	**Долгорочни резервирања (95+96)**	**25**	**1.809.596**	**1.809.596**
95		1. Резервирања за пензии, отпремнини и сл. Обврски кон вработени		1.809.596	1.809.596
96		2. Останати долгорочни резервирања за ризици		-	-
97	**27**	**Долгорочни обврски (98+99+100+101+102+103)**	**27**	**2.086.680**	**1.587.521**
98		1.Долгорочни обврски спрема пензиските фондови		-	-
99		2. Долгорочни обврски спрема поврзани субјекти		2.086.680	1.587.521
100		3. Долгорочни обврски врз основа на заеми, кредити и кауции		-	-
101		4. Долгорочни обврски спрема добавувачите		-	-
102		5. Долгорочни обврски врз основа на хартии од вредност		-	-
103		6. Одложени даночни обврски		-	-
104		***В.Краткорочни обврски (105+108+114+120+123+124+128)***		***36.385.709***	**19.658.929**
105	**21**	**Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти (106+107)**	**27**	**740.171**	**743.811**
106		1. Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти во земјата		740.171	743.811
107		2. Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти во странство		-	-
108	**22**	**Обврски кон добавувачите (109+110+111+112+113)**	**22**	**12.555.360**	**11.221.347**
109		1.Обврски кон добавувачите во земјата		2.475.982	2.278.650
110		2.Обврски кон добавувачите во странство		327.460	466.021
111		3.Обврски кон МАПАС		5.896.796	4.517.479
112		4.Обврски кон Фондот на ПИОМ		2.200.114	2.143.927
113		5.Обврски кон чувар на имот		1.655.008	1.815.270
114	**23**	**Краткорочни обврски за даноци и други давачки (115+116+117+118+119)**	**23**	**8.341.643**	**7.417.694**
115		1. Обврски за данок на додадена вредност		58.943	83.884
116		2. Обврски за персонален данок на доход		8.742	169.651

117		3. Обврски за даноци и придонеси од плати		2.218.280	-
118		4. Обврски за даноци од добивката		6.055.678	7.164.159
119		5. Обврски кон државата и други институции врз основа на останати неспомнати давачки		-	-
120	**24**	**Обврски спрема вработените**		**4.140.664**	**49.226**
121		1. Обврски за плата и надоместоци на плата		4.083.641	-
122		2. Останати обврски спрема вработените		57.023	49.226
123	**25**	**Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања**		**-**	**-**
124	**26**	**Краткорочни финансиски обврски (125+126+127)**		**-**	-
125		1. Краткорочни обврски врз основа на заеми и кредити од поврзани друштва		**-**	-
126		2. Краткорочни обврски врз основа на заеми и кредити во земјата и од странство		**-**	-
127		3. Обврски врз основа на останати краткорочни финансиски средства		**-**	-
128	**29**	**Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди (129+130)**	**24**	**10.607.871**	**226.851**
129		1.Пресметано а одложено плаќање на трошоците		10.607.871	226.851
130		2.Останато одложено плаќање на трошоците и приходите		-	-
131		***Г.Вкупно обврски (93+104)***		***40.281.985***	**23.056.046**
132		***Д.Вкупно главнина и обврски (76+131)***		***923.677.207***	***892.447.371***
133		***Ѓ.Вонбилансна евиденција***			

Образец бр. 2

БИЛАНС НА УСПЕХ

за период од 01.01.2026 до 30.09.2026 година

р.б.	група на конта или конто	ПОЗИЦИЈА	Белешка	01.01.2025-30.09.2025 во МКД	01.01.2026-30.09.2026 во МКД
1	2	3	4	5	6
1	**73**	**Приходи од управување со фондот (2+3+4)**	**4**	**340.980.034**	**389.994.287**
2		Приходи од надоместок од придонеси		103.562.812	110.736.411
3		Приходи од надоместок за управување		237.413.724	279.256.946
4		Приходи од надоместок за премин		3.498	930
5	**70**	**Расходи од управување со фондот (6+7+8+9+10+11+12)**	**4**	**69.907.816**	**68.396.672**
6		1.Расходи за МАПАС		42.053.433	38.590.234
7		2.Расходи за чуварот на имот		14.554.596	15.668.446
8		3. Расходи за Фондот на ПИОМ (% од уплатени придонеси)		5.818.326	6.225.497
9		4. Трошоци за трансакции		-	-
10		5. Трошоци за маркетинг		2.509.042	2.203.968
11		6. Трошоци за агенти		3.721.703	4.678.114
12		7. Останати трошоци за управување со фондот		1.250.716	1.030.413
13		**Добивка или загуба од управувањето со фондот (1-5)**		**271.072.218**	**321.597.615**
14	**76**	**Останати приходи на друштвото**	**5**	**343.558**	**593.784**
15	**40-46**	**Расходи од управување со друштвата (16+17+18+19+20+21)**		**73.487.821**	**78.361.118**
16		*1. Трошоци за суровини и други материјали*	***6***	*1.145.954*	1.226.925
		Потрошени суровини и материјали		318.049	372.841
		Потрошена енергија		827.905	854.084
		Потрошени резервни делови и ситен инвентар		-	-
17		*2. Трошоци за услуги*	*7*	*9.402.490*	9.339.435
		Поштенски, телефонски и интернет услуги		2.260.174	2.669.365
		Услуги за одржување и заштита		5.683.000	5.324.053
		Наемнини		902.177	834.564
		Останати услуги		557.139	511.453
18		*3. Плати и надоместоци на плата и останати трошоци на вработените*	***8***	*44.617.351*	*50.885.868*
		Трошоци за плати		37.081.647	43.990.869
		Регрес за годишен одмор		1.650.000	1.850.000
		Новогодишен надомест		-	-
		Отпремнина за пензија		-	-
		Надомест за одвоен живот		-	-

		Други лични примања по менаџерски договор		-	-
		Трошоци за службени патувања		2.392.924	887.781
		Трошоци за стручно образование		196.634	324.463
		Доброволно здравствено осигурување		432.842	511.559
		Доброволно пензиско осигурување		2.130.865	2.387.189
		Останати трошоци за вработените		732.439	934.007
19		*4. Амортизација и вредносно усогласување*		*4.312.061*	*4.944.787*
		Амортизација		4.312.061	4.944.787
20		*5. Резервирања за трошоци и ризици*		-	-
		Резервирања за отпремнини и јубилејни награди на вработени		-	-
		Резервирања по основ на судски спорови		-	-
21		*6. Останати трошоци од работењето*	***9***	*14.009.965*	*11.964.103*
		Банкарски провизии		324.726	60.482
		Трошоци за осигурување		62.412	78.789
		Правни, нотарски и ревизорски услуги		29.035	22.786
		Услуги по договор за дело		4.873.498	3.050.064
		Трошоци за репрезентација		1.223.606	771.961
		Надоместоци на членови на НО		2.660.770	2.866.944
		Такси, членарини и други надоместоци		65.566	578.406
		Даноци кои не зависат од резултатот		28.118	-
		Трошоци за користење на лиценци		1.178.094	1.663.137
		Трошоци за донации		566.020	178.213
		Останати неспомнати трошоци од работењето		2.998.120	2.693.321
22	**77**	**Финансиски приходи (23+24+25+26+27+28+29+30)**	**10**	**39.303.200**	**29.485.159**
23		1. Приходи од вложувања во поврзани субјекти		-	-
24		2. Приходи од вложувања во неповрзани субјекти		-	-
25		3. Приходи врз основа на камати од работењето со поврзани субјекти		-	-
26		4. Приходи од курсни разлики од работењето со поврзани друштва		-	-
27		5. Приходи врз основа на камати од работењето со неповрзани субјекти		21.180.664	21.999.305
28		6. Приходи врз основа на курсни разлики од работењето со неповрзани субјекти		10.006.090	5.161.099
29		7. Нереализирани добивки (приходи) од финансиски средства		7.994.971	2.217.835
30		8. Останати финансиски приходи		121.475	106.920
31	**47**	**Финансиски расходи (32+33+34+35+36+37+38+39+40)**	**10**	**11.861.636**	**5.923.663**
32		1. Камати од работењето со поврзани субјекти		92.799	74.657

33		2. Курсни разлики во работењето со поврзани субјекти		23.824	108.812
34		3. Останати финансиски расходи од работењето со поврзани субјекти		-	-
35		4. Камати од работењето со неповрзани субјекти		-	-
36		5. Затезни камати		29.566	41.610
37		6. Курсни разлики од работењето со неповрзани субјекти		8.344.425	3.551.507
38		7. Нереализирани загуби (расходи) од финансиски средства		3.371.022	2.108.331
39		8. Вредносно усогласување на долгорочни финансиски средства и хартии од вредност расположливи за продажба		-	-
40		9. Останати финансиски расходи		-	38.746
41		**Вкупно приходи (1+14+22)**		**380.626.792**	**420.073.230**
42		**Вкупно расходи (5+15+31)**		**155.257.273**	**152.681.453**
43		**Добивка (Загуба) пред оданочување (41-42)**		**225.369.519**	**267.391.777**
44		**Данок на добивка**	**11**	**22.536.952**	**26.739.178**
45		**Добивка (загуба) по оданочување (43-44)**		**202.832.567**	**240.652.599**
46		**Малцинско учество**		**-**	**-**
47		**Нето добивка (загуба) за пресметковниот период (45-46)**		**202.832.567**	**240.652.599**

Образец бр. 3

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

за период од 01.01.2026 до 30.09.2026 година

Позиција	**Износ**
Парични приливи од деловни активности	392.773.168
Парични одливи од деловни активности	185.119.039
Нето паричен тек од деловни активности (1-2)	**207.654.129**
Парични приливи од инвестициски активности	398.044.438
Парични одливи од инвестициски активности	314.795.847
Нето паричен тек од инвестициски активности (4-5)	**83.248.591**
Парични приливи од финансиски активности	-
Парични одливи од финансиски активности	255.211.148
Нето паричен тек од финансиски активности (7-8)	**(255.211.148)**
Нето зголемување или намалување на парите и паричните еквиваленти (3+6+9)	35.691.572
Пари и парични еквиваленти на почетокот на периодот	**103.220.402**
Пари и парични еквиваленти на крајот од периодот	**138.911.974**

Образец бр.4

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА

за периодот од 01.01.2026 до 30.09.2026 година

	Акционерски капитал	Ревалоризациона резерва	Законска резерва	Останати резерви	Добивка за тековната година	Акумулирана добивка	Непокриена загуба	Вкупно
Состојба на 31 декември 2025	**110.459.024**	**-**	**22.091.804**	**10.450.629**	**254.656.496**	**485.737.269**	**-**	**883.395.222**
Уплатен акционерски капитал								-
Добивка за тековната година					240.652.599			**240.652.599**
Нето добивки и загуби од вреднување на средства расположиви за продажба								-
Покривање на акумулирана загуба								**-**
Пренос во акумулирана добивка				(238.227)		238.227		-
Пренос во законски резерви								-
Издвоена добивка за реинвестирање								-
Пренос на неискористен дел од издвоена добивка за реинвестирање во акумулирана добивка								-
Обврски за исплата на дивиденда					(254.656.496)			**(254.656.496)**
Актуарски добивки/(загуби) од останати користи на вработени								-
Состојба на 30 септември 2026	**110.459.024**	**-**	**22.091.804**	**10.212.402**	**240.652.599**	**485.975.496**	**-**	**869.391.325**

БЕЛЕШКИ КОН НЕРЕВИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

за период 01.01.2026 – 30.09.2026

1 Општи информации

КБ Прво пензиско друштво АД, Скопје ("Друштвото") е акционерско друштво основано врз основа на одлуката на Основен Суд Скопје бр. 3147/2005 на 19 мај 2005 година. Друштвото е регистрирано со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6, Скопје, Република С. Македонија.

Двата регистрирани акционери на Друштвото се: Прва Груп плц, Љубљана, Република Словенија со 51% и Комерцијална банка АД, Скопје, Република С. Македонија со 49% учество во вкупниот акционерски капитал.

Основна дејност на Друштвото е управување со задолжителен и доброволен пензиски фонд во согласност со одредбите на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и другите применливи прописи и регулативи во земјата.

Дозволата за основање на Пензиско друштво за управување со пензиски фондови е добиена од Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување (МАПАС) на 4 април 2005 година. Од тогаш па до 9 јуни 2005 година, кога е добиено Одобрение за управување со задолжителни пензиски фондови бр. 02-01, Друштвото ги исполни сите задолжителни обврски и услови одредени со Закон и соодветните законски акти. На 2 декември 2009 година, Друштвото доби дозвола за управување со доброволни пензиски фондови бр. 02-02.

На 30 септември 2026 година, Друштвото има 40 вработени со полно работно време и 1 вработен со дополнително работно време (31 декември 2025 година: 38 вработени).

Членови на Надзорниот одбор:
- Аленка Жнидаршич Крањц - Претседател и член на НО
- Јанез Крањц - Член на НО
- Маја Стевкова Штериева - Член на НО
- Анита Бислимовска - Член на НО
- Кирил Јовановски- Независен член на НО (со мандат од 03.08.2026 година)
- Рок Папич – Независен член на НО.

Членови на УО на Друштвото:
-Весна Стојановска - Претседател и член на УО - Генерален директор на Друштвото
-Иван Стојановиќ - Член на УО – Втор Генерален директор на Друштвото.

2 Сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики користени при подготовката на овие финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите периоди прикажани во овие финансиски извештаи, освен доколку не е поинаку наведено.

2.1 Основа за подготовка

Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со регулативата на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување („МАПАС“) и сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, односно Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи на пензиското друштво донесен од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано осигурување (МАПАС) и Правилникот за водење сметководство објавен во Службен весник бр. 75/2024 како и во согласност со Законот за трговски друштва.

Финансиските извештаи на Друштвото беа изготвени врз основа на историска набавна вредност освен финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби и финансиски средства расположливи за продажба кои се вреднуваат според објективна вредност. Финансиските извештаи на Друштвото се презентирани во македонски денари (МКД), која е функционална валута на Друштвото, освен доколку не е поинаку наведено.

Изготвувањето на финансиските извештаи изискува од раководството да прави расудувања, проценки и претпоставки кои влијаат на примената на политиките и прикажаните износи на средствата, обврските, приходите и расходите. Реалните состојби може да се разликуваат од овие проценки. Проценките и основните претпоставки се прегледуваат на континуирана основа. Измените на сметководствените проценки се признаваат во периодот во кој е извршена измена на проценката и во идните периоди доколку измената влијае и на идниот период.

2.2 Трансакции во странска валута

Трансакциите деноминирани во странски валути се искажани во денари со примена на средните курсеви на Народна Банка на Република С. Македонија кои важат на денот на нивното настанување.

Средствата и обврските кои гласат во странски валути се искажани во денари со примена на средните курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба, додека пак сите позитивни и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претворањето на износите од странска валута, се вклучени во добивките или загубите во периодот кога тие настануваат. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на Билансот на состојба деноминирани во странска валута, се следните:

	30 септември 2026	**31 декември 2025**
1 ЕУР	61,6855	61,4950
1 ГБП	71,9633	70,5865
1 ЦХФ	65,1998	66,1735

2.3 Нетирање

Финансиските средства и обврски се нетираат и нето износот е презентиран во Билансот на состојба само доколку нетирањето на признаените износи е законски дозволено и доколку постои намера за исполнување на нето основа, како и во случај на истовремена реализација на средството и исполнување на обврската.

Приходите и расходите се презентираат на нето основа само доколку тоа е дозволено со сметководствените стандарди, или за добивки и загуби кои што произлегуваат од групи на слични трансакции.

2.4 Признавање на приходи

Приходите се признаваат кога идните економски користи во форма на приливи или зголемување на средствата во Друштвото се веројатни и мерливи.

Друштвото ги признава приходите по основ на следните видови на надомести:

- Надоместок од уплатени придонеси во КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд, кој се пресметува како процент, пред уплатените придонеси да бидат претворени во сметководствени единици во висина од 1,70% (во 2025 година 1,70%).
- Месечен надоместок во висина од 0,030% од вредноста на нето средствата на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје (во понатамошниот текст "Надомест за управување со средства на задолжителниот фонд"), (за 2025 година 0,030%).
- Надоместок во износ од 15 евра, во случај на пренос на средствата во друг задолжителен пензиски фонд, под услов членот кој преминува да бил член во постојниот Фонд пократко од 720 дена пред да премине во друг пензиски фонд.
- Надоместок од уплатените придонеси максимум 2,5%, во КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд Скопје, пред придонесите да бидат претворени во сметководствени единици (во 2025 година: максимум 2,5%)
- Месечен надоместок во износ од 0,075% (2025 година: максимум 0,075%) од вредноста нето средствата на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд, Скопје (во понатамошниот текст "Надомести за управување со средства на доброволниот фонд").
- Надоместок во износ од 10 евра, во случај на пренос на средствата во друг доброволен пензиски фонд, под услов членот кој преминува да бил член во постојниот Фонд пократко од 360 дена пред да премине во друг пензиски фонд.

Примената на МСФИ 15 немаше значаен ефект на финансиските извештаи за 2025 и 2026 година.

2.5 Расходи за управување со фондовите

Расходите за управување со фондовите се признават во периодот во кој настануваат.

Расходи за МАПАС
Друштвото е обврзано да плаќа надоместок на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ("МАПАС") во висина од 0,6% (2025: 0,7% до

01.12.2025 година и 0,6% од 02.12.2025 година) од вкупно уплатените придонеси во задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, управувани од страна на Друштвото.

Расходи за банка чувар на имот
Друштвото е должно да избере единствен чувар на имот, на кого ја доверува одговорноста за чување на средствата на фондовите со кои управува. Функцијата чувар на имот на средствата на пензиските фондови ја врши Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

Надоместокот на Задолжителниот фонд кој го наплаќа Шпаркасе банка Македонија АД Скопје изнесува 0,020% годишно (од 03.10.2024 до 03.10.2025 година изнесува 0,022%) од вкупните нето средства на фондот.

Надоместокот за Доброволниот фонд кој го наплаќа Шпаркасе банка изнесува 0,06% (2025: 0,06%) годишно од вкупните нето средства на фондот.

Расходи за ФПИОСМ
Друштвото признава расходи за надоместок што го наплатува Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република С. Македонија (во понатамошниот текст "ФПИОСМ") во износ од 0,1% (2025: 0,1%) од вкупно уплатените придонеси во Задолжителниот фонд со кој управува Друштвото.

Расходи за трансакции
Расходите за трансакции се трошоци кои согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, во име на задолжителниот односно доброволниот пензиски фонд, а за сметка на пензиското друштво ги плаќа пензиското друштво. Трошоците за трансакции се однесуваат на трошоците за суб чуварот на средствата на задолжителниот и доброволниот фонд – депозитарна институција која има дозвола издадена од надлежен орган во земја надвор од Република С. Македонија и е овластена за таква дејност согласно законите на државата каде се чуваат средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд. Со промена на банката чувар од 03.10.2018 година, банката чувар на имот ги превзеде трошоците поврзани со ангажирање на суб чувар, освен активностите што ги врши суб чуварот поврзани со процедурата за ослободување од данок и поврат на данок, како и други стварни трошоци за услуги кои ги извршува суб – чуварот како резултат на барања иницирани од страна на Друштвото.

Расходи за маркетинг
Друштвото признава трошоци за маркетинг услуги во периодот кога истите настануваат. Маркетинг услугите на Друштвото вклучуваат креирање и емитување на реклами на телевизија, радио, печатени медиуми и интернет, различни видови на промоции, дизајнирање и дистрибуција на маркетинг материјали, рекламирање на карактеристиките на системот на задолжително и доброволно пензиско осигурување, објава на финансиски извештаи и објава на информативни проспекти. Во трошоци за маркетинг се вклучуваат и трошоците поврзани со годишните известувања (пошта и печатење) кои се доставуваат до членовите за состојбата на нивните индивидуални сметки.

Расходи за агенти
Друштвото признава трошоци за агенти за склучени договори со нови членови на фондовите. Во трошоците за агенти се вклучени и трошоци кои се однесуваат на склучени договори за

премини од други пензиски фондови, полагање испити и лиценцирање на агентите, лица ангажирани по договор со цел придобивање на нови членови во фондовите и слично. Трошоците за агенти Друштвото ги третира како трошоци што настануваат во моментот на настанување т.е склучување на договорот и ги признава во моментот на настанување т.е склучување на договорот, водејќи се од начелото на конзервативност и разумно расудување. Агентот нема постпродажни активности поврзани со трошокот за агентски договор. Агентските трошоци се јасно одделени од останатите трошоци поврзани со понатамошните активности за членовите. Агентскиот договор не создава посебна договорна обврска на членот, имено членот има законска можност да премине во друг пензиски фонд во било кое време. Агентските трошоци за склучени договори со нови членови на фондовите, на годишно ниво се незначителни во вредност споредбено со оперативните приходи на годишно ниво.

Останати расходи за управување со фондовите
Друштвото признава трошоци за спроведување на постапка за давање согласности од страна на Агенцијата, пристап до информацискиот систем на Агенцијата и други трошоци поврзани со управување на фондовите.

2.6 Финансиски средства

Класификација на финансиските средства

Друштвото ги вложува своите слободни прични средства во депозити и хартии од вредност согласно закон.
Друштвото ги класифицира вложувањата во должнички хартии од вредност во следниве категории:

- финансиски средства кои се чуваат за тргување
- финансиски средства расположливи за продажба
- финансиски средства кои се чуваат до доспевање
- кредити и побарувања

Раководството на Друштвото ја одредува класификацијата на финансиските средства при нивното почетно признавање.

Финансиски средства кои се чуваат за тргување
Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел генерирање на добивка од краткорочни флуктуации во цената или доколку е вклучено во портфолиото за кое постои доказ за остварлива краткорочна профитабилност.

Финансиски средства расположиви за продажба
Финансиски средства расположиви за продажба се оние наменети за чување на неодреден временски период, кои може да се продадат доколку се појави потреба за ликвидност или промени во каматните стапки, девизните курсеви или цените на акциите.

Финансиски средства кои се чуваат до доспевање
Финансиските средства кои се чуваат до доспевање се недеривативни финансиски средства со фиксни или утврдливи плаќања, фиксни датуми на доспевање за наплата и за кои Раководството на Друштвото има позитивна намера и способност да ги чува до нивното доспевање. Доколку Друштвото продаде значаен износ на финансиските средства кои се чуваат до доспевање пред нивното доспевање, целата категорија на овие средства се

рекласифицира во финансиски средства расположливи за продажба. Од датум на настанување на ваков случај па во наредните 2 (две) години ниу едно финансиско средство не треба да се класифицира во категоријата до достасување.

Кредити и побарувања
Кредитите и побарувањата се недеривативни финансиски средства со фиксни или одредени плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се јавуваат кога Друштвото одобрува пари или услуги директно на коминтенти без намера за размена на побарувањето.

Почетно признавање на финансиските средства

Финансиските средства се признаваат на датумот на тргување, датум кога Друштвото се обврзува да го купи или продаде средството.

Сите финансиски средства освен финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби (финансиски средства кои се чуваат во тргување) почетно се признаваат според објективната вредност зголемена за трошоците на трансакции.

Финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби (финансиски средства кои се чуваат во тргување) почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакциите се вклучуваат во добивки или загуби во периодот во кој настануваат. Кога се купува финансико средство кое има котирана цена на активен пазар (берза) или кога објективната вредност може дополнително да се утврди, финансиското средство се признава според неговата објективна вредност, без трансакциски трошоци.

Депозитите почетно се евидентираат по објективна вредност.

Последователно мерење на финансиските средства

1. ***Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби (финансиски средства за тргување)***

Објективната вредност на котираните вложувања на активни берзи се базираат на тековните цени на котација, односно се евидентираат според нивната објективна вредност врз основа на просечната пазарна цена објавена на активен пазар. Доколку пазарот за некое финансиско средство не е активен (и за некотирани хартии од вредност), Друштвото утврдува објективна вредност по пат на употреба на техники на проценка.

Ако со инструментот (обврзници за денационализација) не се тргувало подолго од 30 дена се употребува метод на линеарна амортизација, при што почетната вредност е последно утврдената цена на таа хартија од вредност.

Ако со инструментот (освен обврзници за денационализација) не се тргувало подолго од 30 дена, објективната вредност се утврдува по пат на употреба на техника на проценка базирана на пазарни претпоставки односно како параметри за проценка се користат каматни стапки кои се тековно важечки за должничките инструменти со сличен период на доспевање.

Добивките и загубите кои произлегуваат од промената на објективната вредност на финансиските средства во тргување се вклучуваат во добивките или загубите во периодот во кој настануваат. Каматата остварена за време на располагањето со овие средства, се евидентира како приход од камата во периодот во кој настанува.

2. ***Финансиски средства расположливи за продажба***

Финансиските средства расположливи за продажба се прикажуваат според нивната објективна вредност т.е сведување на сметководствената вредност на пазарна вредност, според просечна пазарна цена објавена на активен пазар. Државните обврзници за кои не постои активен пазар, се вреднуваат по објективна вредност утврдена со техники на вреднување базирани на пазарни претпоставки.
Нереализираните добивки и загуби кои произлегуваат од промената на објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба се признаваат во реваloризациони резерви во извештајот за останата сеопфатна добивка се додека средството не се рекласификува или отпише. Приходите врз основа на камата како и позитивните/ негативните курсни разлики на финансиските средства што се расположливи за продажба, се признаваат во Билансот на успех за тековниот период. Дисконотот т.е премијата како дел од амортизационата вредност се признава како приход односно расход во Билансот на успех. Во моментот на депризнавање на должничките финансиски средства расположливи за продажба кумулативните добивки/загуби што се претходно признаени во реваloризационите резерви се депризнаваат од капиталот и нето добивките или загубите се признаваат во Билансот на успех.

3. ***Финансиски средства кои се чуваат во доспевање***

Финансиските средства кои се чуваат во доспевање се мерат според амортизирана набавна вредност, со примена на метод на ефективна каматна стапка. Ефективната каматна стапка е стапка која точно (реално) ги дисконтира очекуваните идни парични плаќања или примања во текот на периодот до доспевање. Приходите и расходите (дисконт или премија) од финансиски средства во доспевање се признаваат во Билансот на успех.

4. ***Депозити***

Депозитите последователно се мерат според амортизирана набавна вредност со примена на метод на ефективна каматна стапка.

Депризнавање

Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Друштвото ги пренело значително сите ризици и користи од сопственоста. При продажба на хартии од вредност се утврдува разлика меѓу продажната и сметководствената вредност на хартиите од вредност. Добивката или загубата која произлегува од продажбата се искажува во Билансот на успех. Финансиските обврски престануваат да се признаваат кога истите се подмирени, поништени или престануваат да важат.

2.7 Нематеријални средства

Компјутерски софтвер
Трошоците директно поврзани со препознатливи и уникатни софтверски производи контролирани од страна на Друштвото кои најверојатно ќе создадат економски користи во иднина, се признаваат како нематеријални средства. Трошоците за развој на компјутерски софтвер кои се признаваат како средства се амортизираат користејќи праволиниска метода, со примена на амортизациона стапка од 20% годишно. Трошоците поврзани со одржувањето на компјутерски софтверски програми се признаваат како трошоци во моментот на нивното настанување.

Останати нематеријални средства
Трошоците за стекнување права и лиценци се капитализирани и амортизирани користејќи праволиниска метода, со примена на амортизациона стапка од 10%-20% годишно.

2.8 Недвижности, постројки и опрема

Под материјални средства за кои се пресметува амортизација, се сметаат правата односно предметите, чиј поединечен трошок на набавка е поголем од 500 евра во денарска противвредност и корисниот век на употреба е подолг од една година. Како материјални средства се сметаат градежните објекти, постројките и опремата, алатот, погонскиот и канцеларискиот инвентар, компјутерската опрема, мебелот, транспортните средства, со кои располага Друштвото и кои служат за вршење на неговата дејност.
Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по нивната набавна вредност, намалени за акумулираната амортизација и акумулирана загуба поради обезвреднување.
Амортизацијата се пресметува праволиниски, со цел алокација на набавната вредност на недвижностите, постројките и опремата во текот на нивниот век на употреба. Подолу се дадени годишните стапки на амортизација применети врз значајните ставки на недвижностите, постројките и опремата:

Градежни објекти	2,5%
Компјутери	25,0%
Моторни возила	25,0%
Мебел и канцелариска опрема	20,0%
Останата опрема	10,0%

Последователните набавки се вклучени во сметководствената вредност на средството или се признаваат како посебно средство, соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери. Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во добивките или загубите во текот на финансискиот период во кој се јавуваат..

Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност
На секој датум на известување, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за обезвреднување на финансиското средство. Финансиското средство или група на финансиски средства се обезвреднети само доколку постои објективен доказ за обезвреднување како резултат на еден или повеќе настани што се појавиле по првичното признавање на средствата (“случај на загуба”) и дека тој случај (или случаи) на загуба влијае

на предвидениот иден готовински тек на финансиското средство или група финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат. При обезвреднување се разгледува секое финансиско средство поединечно.

Износот на загубата претставува разлика помеѓу сметководствената вредност на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови (исклучувајќи ги идните загуби по основа на средството) дисконтирани со примена на оригиналната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Побарувањата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање, поради обезвреднување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради обезвреднување во тековните добивки и загуби.

Доколку причините за обезвреднување исчезнат, претходно признаениот износ на загуба поради обезвреднување Друштвото го ослободува / анулира преку коригирање на сметката за загуба поради обезвреднување и го вклучува во Билансот на успех. Ослободувањето на загубата поради обезвреднување не може да резултира во сметководствена вредност која го надминува износот на амортизираната набавна вредност на средството, доколку не било признаено обезвреднување.

Средства евидентирани по објективна вредност
На секој датум на известување, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за обезвреднување на финансиското средство класификувано како расположливо за продажба. Значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на финансиското средство под неговата набавна вредност претставува објективен доказ при утврдувањето на можноста од обезвреднување. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативната загуба – измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност се признава во тековните добивки или загуби. Доколку, во последователен период, објективната вредност на должнички инструмент класифициран како расположлив за продажба се зголеми, а зголемувањето може објективно да се поврзе со настан кој се јавува по признавањето на загубата поради обезвреднување во тековните добивки или загуби, загубата поради обезвреднување се анулира преку добивки или загуби.

Нефинансиските средства на Друштвото се разгледуваат на секој датум на изготвување на Извештајот за финансиска состојба со цел да се определи дали постојат објективни докази за обезвреднување. Ако постои ваква индикација, тогаш се проценува надоместливиот износ на средството.
Загуба поради обезвреднување се признава доколку сметководствената вредност на дадено средство или единица која генерира пари, а на која и припаѓа средството, го надминува неговиот надоместлив износ. За средството што не создава во голема мера независни парични приливи, надоместливиот износ се утврдува за единицата која генерира пари, а на која и припаѓа средството.
Единицата која генерира пари е најмалата група на средства која може да се идентификува која што генерира парични приливи од континуирана употреба коишто во голем степен се независни од парични приливи од други средства или групи на средства. Загубите поради обезвреднување се признаваат во Билансот на успех.

Надоместливиот износ на дадено средство или за единицата која генерира пари претставува повисокиот износ од проценетата вредност на средството намалена за трошоците за продажба и неговата употребна вредност. При проценката на употребната вредност,

проценетите идни парични текови се дисконтираат до нивната сегашна вредност со употреба на дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и ризиците специфични за средството.

Загубата поради обезвреднување на дадено средство се анулира доколку постои индикација дека загуба поради обезвреднување признаена за средството можеби веќе не постои и има промени во проценките користени за утврдување на надоместливиот износ.

Зголемената сметководствена вредност на дадено средство, како резултат на анулирање на загуба поради оштетување, не треба да ја надмине сметководствената вредност која би била определена (нето од амортизацијата) кога не би била признаена загуба поради обезвреднување на средството во претходните години.

2.10 Обврски кон агенти

Друштвото ги признава обврските кон агентите - лица ангажирани по договор на дело, кога договорите со потенцијалните членови на фондовите се потпишани и потврдени од Агенцијата за супервизија за капитално финансирано пензиско осигурување

2.11 Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и паричните еквиваленти се состојат од депозити по видување во банки, пари во благајна, жиро сметки во денари и странска валута и депозити со оригинален рок на доспевање до три месеци.

2.12 Резервации

Резервирање се признава и пресметува кога Друштвото има сегашна законска или договорена обврска како резултат на минати настани и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства за подмирување на обврската, а воедно може да биде направена веродостојна проценка на износот на обврската. Резервациите се проверуваат на секој датум на известување и се корегираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна проценка. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да настанат за подмирување на обврската.

2.13 Користи за вработените

- Трошоци за краткорочни користи за вработените се плати, задолжителни придонеси за социјално осигурување, платени отсуства (платен годишен одмор, платено боледување и сл.), регрес за годишен одмор и останати користи согласно закон. Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат како расход кога соодветната услуга ќе се добие.

- Долгорочни користи за вработените вклучуваат: јубилејни награди, отпремини за одење во пензија и останати користи согласно закон. Долгорочните користи на вработените (јубилејните награди и отпремини за одење во пензија) се дисконтираат за да се утврди нивната сегашна вредност. Пресметката се извршува од страна на квалификуван актуар. Премерувањата кои произлегуваат од дефинираните планови за долгорочни користи

вработените (јубилејните награди и отпремини за одење во пензија) вклучуваат актуарски добивки и загуби кои се признаваат во Билансот на успех

2.14 Данок на добивка

Данокот на добивка се утврдува и се плаќа според Годишниот даночен биланс и истиот претставува одбитна ставка од финансискиот резултат пред оданочување во Билансот на успех. Основа за пресметување на данокот на добивка е разликата меѓу вкупните приходи и расходи, зголемена за непризнаените расходи за даночни цели. Даночната основа се зголемува за даночно непризнаените расходи, т.е за расходи кои согласно Законот за данокот на добивка не се во функција на дејноста на субјектот. Тоа се трошоци за репрезентација, исплатени надоместоци на трошоци од работен однос над утврдените износи, трошоци за амортизација која е повисока од амортизацијата пресметана по стапки над пропишаните во Номенклатурата и останати трошоци согласно закон. Даночната основа се намалува за износот на извршените вложувања од добивката од претходната година (реинвестирана добивка) согласно закон. Стапката на данокот на добивка изнесува 10%.

Заради привремените разлики помеѓу вредностите кои се користат како основа заради оданочување и сметководствените вредности на средствата и обврските заради финансиско известување се пресметува одложен данок. Тековната важечка даночна стапка се користи за утврдување на одложениот данок на добивка.

2.15 Финанскиски обврски

Друштвото ги класифицира финансиските обврски како краткорочни доколку рокот на доспевање им е до 12 месеци, и долгорочни доколку рокот на доспевање им е над 12 месеци. Друштвото ги признава обврските како ставка во извештајот за финансиска состојба тогаш кога е веројатно дека ќе има одлив на средства и кои може веродостојно да се измерат. Обврските се евидентираат по номинална вредност врз основа на соодветен сметководствен документ (фактура, договор, пресметка или сл.), согласно законските прописи.

2.16 Главнина, резерви и плаќања за дивиденди

Акционерскиот капитал

Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции. Акционерскиот капитал се состои од 1.800 обични акциии и изнесува 110.459 илјади денари. Истиот е целосно уплатен во паричен износ.

Резерви

Законските резерви се создадени во текот на периодите по пат на распределба на акумулираните добивки. Според локалната законска регулатива од Друштвото се бара да пресметува и издвојува 5% од добивката за годината за законска резерва се додека нивото на резервата не достигне износ кој е еднаков на една десетина од основната главнина. Со датумот на известување задолжителната резерва на Друштвото е повисока од 1/10 од оснивачкиот капитал на Друштвото .

Останати резерви Друштвото евидентира со издвојување на дел од добивката од минатата година со цел да инвестира во материјални и нематеријални средства во тековната година.

Ова издвојување е согласно законот за данок на добивка при што даночната основа може да се намали за издвоениот износ за инвестиции.

Акумулирана и тековна добивка

Акумулираната добивка ги вклучуваат задржаните добивки од претходните периоди, а тековната добивка ја вклучува добивката од периодот за кој се известува.

Дивиденди

Дивидендите се признаваат како обврска во периодот во кој што се одобрени од страна на акционерите на Друштвото. Дивидендите за годината што се објавени по датумот на Извештајот за финансиска состојба, доколку има, се обелоденети во Белешката за Настани по датумот на известување.

2.17 Неизвесни средства и обврски

Неизвесните обврски се обелоденуваат доколку постои веројатност за одлив на средства кои вклучуваат економски користи. Исто така, неизвесни средства не се евидентирани во финансиските извештаи, но се обелоденуваат кога постои веројатност за прилив на економски користи. Износот на неизвесна загуба се евидентира како резервирање доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на датумот на известување и кога може да се направи разумна проценка на износот на загубата.

2.18 Наеми-ИФРС 16

Наеми од 01 јануари 2025

Друштвото како наемател

Согласно стандардот, Друштвото ги вклучува договорите за наем во Билансот на состојба, пренесувајќи го правото да се контролира употребата на на одредено средство за одреден временски период и поврзаната обврска за наемот освен за:

- Краткорочни договори за наем и
- Договори за наем кај кои основното средство има мала вредност кога е ново. За овие исклучоци Друштвото евидентира расход во Билансот на успех на праволиниски основа во рамките на време траење на наемот.

Првично признавање:

Обврската за наем се признава по сегашната вредност на идните плаќања за наем, дисконтирани со користење на инкрементална каматна стапка (освен ако каматната стапка е наведена во Договорот за наем). Инкрементална каматна стапка е каматна стапка со карактеристики слични со условите во договорот за закуп. Истата Друштвото ја ревидира на годишна основа (на почеток на годината) и би ја ажурирала доколку има значителни промени. Друштвото признава право на користење на средство на почетокот на периодот.

Последователно признавање:

Амортизацијата и трошокот за камата се признаваат како трошок на месечна основа. Правото на користење на средството се води по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и обезвреднување. Врз основа на добиена фактура од наемодавателот,

Друштвото признава краткорочна обврска кон наемодавателот и ја затвора обврската. Трошоците за одржување се признаваат во Билансот на успех.

Друштвото како наемодавател
Друштвото може да дава недвижнини по основ на оперативни наеми. Приходите по основ на наемот се признаваат во Билансот на успех на праволиниска основа во рамките на времетраењето на наемот.

Друштвото започна со примена на МСФИ 16 од 1 јануари 2025 година, без промена во компаративните податоци за периодот за известување кој завршува во 2025 година, согласно одредбите од стандардот за транзиција. Рекласификациите и прилагодувањата кои произлегуваат од новите правила за наем се признати како почетно салдо на 1 јануари 2025 година. Со примената на МСФИ 16, Друштвото прикажа обврски од наем кои претходно беа класифицирани како оперативен наем според принципите од МСС 17 Лизинг. Овие обврски се вреднувани според сегашната вредност на преостанатите плаќања за наем, применувајќи ја инкрементална стапка на позајмување пресметана на 1 јануари 2025 година. Инкрементална стапка на позајмување применета на обврските од наем изнесува 3,95%. Ефектите од примената се обелоденети во белешката 13.

Наеми до 31 декември 2024

Наемот каде наемодавателот суштински ги задржува сите ризици и бенефити од сопственоста на средството се класифицира како оперативен наем. Исплатите по основ на оперативен наем се признаваат како трошок на правопропорционална основа во Билансот на успех во текот на периодот на наем.

Финансиски наем е тековен закуп на средство кој на наемателот суштински му ги пренесува ризиците и бенефитите поврзани за сопственоста на предметот на наем. Закупените средства се капитализираат во моментот на отпочнувањето на наемот по нивната објективна вредност. Истите се амортизираат во тек на корисниот век на средството.

2.19 Трансакции со поврзани субјекти

Според регулативата на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, поврзана страна во однос на одредено правно лице или физичко лице е:

а) поединечен акционер или група акционери кои поседуваат најмалку 10% од акциите со право на глас или поседуваат помал процент, и имаат посредна или непосредна контрола врз одлучувањето во тоа правно лице;

б) било кое друго правно лице во кое првото правно лице, посредно или непосредно, поседува најмалку 10% од акциите со право на глас или поседува помал процент, и има посредна или непосредна контрола врз одлучувањето на тоа правно лице;

в) било кое друго правно лице во кое еден акционер, посредно или непосредно, поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас и во ист временски период истиот акционер поседува, посредно или непосредно, повеќе од 20% од акциите со право на глас во првото правно лице;

г) физичко лице или правно лице кое има непосредна или посредна контрола, или се контролирани од или се под заедничка контрола на правното лице;
д) член на управен одбор, надзорен одбор или член на друг орган на управување или надзор на правното лице и

ѓ) во врска со лицата наведени погоре, лица кои се во сродство преку брак или посвојување, деца и родители, браќа и сестри, полубраќа и полусестри, баби, дедовци и внуци, на друг начин се крвно поврзани до втор степен, лица кои се во однос родител старател и дете, маќеа или очув и посинок и поќерка и снаа, зет и родители на брачните другари.

2.20 Објавени стандарди кои се во примена во тековниот период

Во Службен весник, бр. 75/24, од 3 април 2025 година беше објавен Правилникот за начинот на водење сметководство. Правилникот влезе во сила од 4 април 2025 година, и започна да се применува од 1 јануари 2025 година, со исклучок на меѓународниот стандард за финансиско известување 17 Договори за осигурување и меѓународниот стандард за финансиско известување 9 Финансиски инструменти, кои ќе се применуваат од 1 јануари 2028 година.

Примената на новите стандарди наведени погоре, немаа значајно влијание врз финансиските извештаи на Друштвото, освен примената на МСФИ 16 – Наеми, како што е обелоденето во белешка 2.18.

3 Управување со ризици од финансирање

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни ризици од финансиски карактер. Активностите на управување со ризиците од финансирање вклучуваат анализа, проценка, прифаќање и управување со ризиците. Друштвото се стреми кон постигнување на соодветна рамнотежа меѓу ризикот и надоместот и минимизација на потенцијалните негативни ефекти врз финансиската успешност на Друштвото.

Политиките на Друштвото за управување со ризици имаат за цел да ги идентификуваат и анализираат овие ризици, да воспостават соодветни лимити и контрола на ризиците, како и да ги следат ризиците и придржувањето кон лимитите преку веродостојни и современи информатички системи. Друштвото редовно врши испитување на политиките и воспоставените системи за управување со ризикот согласно со пазарните промени, промените во продуктите и најдобрата пракса.

Управувањето со ризици го врши Раководството на Друштвото во согласност со политиките одобрени од страна на Надзорниот одбор. Раководството ги идентификува и проценува ризиците од финансирање во тесна соработка со деловните единици на Друштвото. Надзорниот одбор обезбедува писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја.

3.1 Кредитен ризик

Кредитниот ризик е ризикот кој произлегува од изложеноста на Друштвото во обврзници и депозити и кој ја изразува можната загуба од банкротирање или неисполнување на обврските од другата договорна страна.

Кредитниот ризик се мери преку просечната годишна стапка на веројатност и загубата како резултат на банкрот во зависност од кредитниот рејтинг. Кредитниот ризик се мери на изложеноста во депозити, но не се мери на инвестициите во обврзници издадени од Р.С. Македонија бидејќи инвестициите во домашни државни обврзници се безризична инвестиција.

Кредитниот ризик се управува преку алокација на средства и точно утврдени правила на диверзификација, макроекономска слика и следење на кредитниот рејтинг на банките. Кредитниот ризик на Р.С. Македонија се управува преку анализа на буџетот, следење на краткорочните и долгорочните проекции на Министерството за финансии и евалуација на документи објавени од страна на Министерството за финансии, Владата на РСМ, Народната банка на РСМ, ММФ и Светска банка. Друштвото ги вложува слободните парични средства исклучиво во законски дозволени инструменти.

Кредитниот ризик се следи на месечна основа, со обезбедување на соодветни, целосни и навремени податоци и надворешни пазарни информации, со цел контролниот процес да биде конзистентен и веродостоен. Друштвото освен државни обврзници кои се чуваат до доспевање, нема финансиски средства со период на доспевање подолг од 1 година.

Изложеноста на Друштвото на ризици според евидентираните износи, категоризирани по географски региони на 30 септември 2026 година и 31 декември 2025 година е како што следи:

3.2 Концентрација на ризици кај финансиски средства по географски сектори

Изложеноста на Друштвото на ризици според евидентираните износи, категоризирани по географски региони на 30 септември 2026 година и 31 декември 2025 година е како што следи:

Изложеност по географски региони	Република С. Македонија	Членки на ЕУ	Други европски земји	Други земји	Вкупно
Парични средства и парични еквиваленти	138.911.974	-	-	-	138.911.974
Дадени кредити, депозити и кауции	19.547.068	-	-	-	19.547.068
Хартии од вредност кои се чуваат за тргување	111.663.081	-	-	-	111.663.081
Хартии од вредност кои се чуваат до доспевање	516.871.938	-	-	-	516.871.938
Останати побарувања	56.569.856	-	-	-	56.569.856
Вкупно на 30 септември 2026 година	**843.563.917**	**-**	**-**	**-**	**843.563.917**
Вкупно на 31 декември 2025 година	**872.651.392**	**-**	**-**	**-**	**872.651.392**

3.3 Пазарни ризици

Друштвото е изложено на пазарни ризици. Пазарните ризици произлегуваат од отворената позиција на Друштвото на ефектот од флуктуацијата на пазарните каматни стапки, како и од ефектот од флуктуацијата на курсевите на странските валути. Раководството на Друштвото утврдува прифатливи лимити на ризик, кои се базираат на нивно секојдневно следење.

Каматен ризик

Друштвото е изложено на ефектите од флуктуацијата на нивоата на пазарните каматни стапки врз нејзината финансиска состојба и парични текови.

Табелата подолу ја сумаризира изложеноста на Друштвото на каматните ризици. Позицијата на Друштвото во однос на чувствителноста на промени во каматните стапки заснована на моментот на повторно утврдување на каматната стапка на 30 септември 2026 година и 31 декември 2025 година е прикажана во табелата подолу. Таа ги вклучува финансиските инструменти на Друштвото по нивната сегашна вредност, категоризирани според пораниот период помеѓу датумот на преоценка или датумот на доспевање.

Каматаен ризик	Помалку од еден месец	Од 1 до 3 месеци	Од 3 до 12 месеци	Од 1 до 5 години	Над 5 год ини	Без камата	Фиксна	Вкупно
Средства								
Парични средства	138.895.586	-	-	-	-	16.388	-	138.911.974
Пласмани во банки	-	-	-	-	-	-	19.547.068	19.547.068
ХВ за тргување	-	-	-	-	-	-	111.663.081	111.663.081
ХВ кои се чуваат до доспевање	-	-	-	-	-	-	516.871.938	516.871.938
Останати побарувања	-	-	-	-	-	56.569.856	-	56.569.856
Вкупни средства	**138.895.586**	**-**	**-**	**-**	**-**	**56.586.244**	**648.082.087**	**843.563.917**
Обврски								
Нетековни финансиски обврски	-	-	-	1.587.521	-	-	-	1.587.521
Тековни финансиски обврски	11.583.881	108.968	499.159		-	-	-	12.192.009
Вкупни финансиски обврски	**11.583.881**	**108.968**	**499.159**	**1.587.521**	**-**	**-**	**-**	**13.779.530**
Нето каматен ризик на 30 септември 2026	**127.311.705**	**(108.968)**	**(499.159)**	**(1.587.521)**	**-**	**56.586.244**	**648.082.087**	**829.784.387**
31 декември 2025								
Вкупни средства	103.209.365	-	-	-	-	59.044.420	710.397.607	872.651.392
Вкупни финансиски обврски	23.312.689	105.848	484.865	2.086.680	-	-	-	25.990.082
Нето каматен ризик на 31 декември 2025	**79.896.676**	**(105.848)**	**(484.865)**	**(2.086.680)**	**-**	**59.044.420**	**710.397.607**	**846.661.310**

Табелата подолу ја прикажува просечна ефективната каматна стапка за монетарните финансиски инструменти на 30 септември 2026 и 31 декември 2025 година (во %):

	30 септември 2026			31 декември 2025		
	ЕУР	УСД	МКД	ЕУР	УСД	МКД
Средства						
Пари и парични еквиваленти	-	-	3,73%	-	-	3,60%
Дадени кредити, депозити и кауции	-	-	3,72%	-	-	3,68%
Хартии од вредност кои се чуваат за тргување	3,97%	-	-	4,03%	-	-
Хартии од вредност кои се чуваат до доспевање	3,51%	-	-	3,39%	-	-
Обврски						
Долгорочни обврски спрема поврзани субјекти	-	-	3,95%	-	-	3,95%
Тековни обврски	-	-	-	-	-	-

Валутен ризик

Друштвото е изложено на ризик во однос на ефектите од движењата на нивото на девизни курсеви кои се одразуваат врз финансиската позиција и готовинскиот тек. Следните табели ја сумираат нето девизната позиција на монетарните средства и обврски на Друштвото на 30 септември 2026 и 31 декември 2025 година.

Валутен ризик	**во ЕУР**	**во УСД**	**Други валути**	**во МКД**	**Вкупно**
Средства					
Парични средства	-	-	7.916	138.904.058	138.911.974
Пласмани во банки	-	-	-	19.547.068	19.547.068
ХВ за тргување	111.663.081	-	-	-	111.663.081
ХВ кои се чуваат до доспевање	516.871.938	-	-	-	516.871.938
Останати побарувања	-	-	-	56.569.856	56.569.856
Вкупни средства	**628.535.019**	**-**	**7.916**	**215.020.982**	**843.563.917**
Обврски					
Останати финансиски обврски	466.021	-	-	13.313.509	13.779.530
Вкупни финансиски обврски	**466.021**	**-**	-	13.313.509	13.779.530
Нето девизна позиција на 30 септември 2026	**628.068.998**	**-**	**7.916**	**201.707.473**	**829.784.387**
31 декември 2025 година					
Вкупно средства	619.381.525	-	11.054	253.258.813	872.651.392
Вкупно финансиски обврски	327.460	-	-	25.662.622	25.990.082
Нето девизна позиција на 31 декември 2025	**619.054.065**	**-**	**11.054**	**227.596.191**	**846.661.310**

3.4 Ризик од ликвидност

Управувањето со ликвидносниот ризик подразбира управување со активата и пасивата на начин што овозможува навремено и редовно плаќање на обврските, во нормални или во вонредни услови за работење на Друштвото. Друштвото е изложено на дневни повлекувања на средства од своите расположливи готовински ресурси на тековните сметки, доспеаните депозити, по основ на одобрени кредити, како и останати повлекувања.

Следните табели ги анализираат средствата и обврските на Друштвото, групирани според нивната доспеаност врз основа на преостанатиот период од датумот на известување до договорниот датум на доспевање.

Ризик од ликвидност	Помалку од 1 месец	Од 1 до 3 месеци	Од 3 до 12 месеци	Од 1 до 5 години	Над 5 години	Вкупно
Средства						
Парични средства	138.911.974	-	-	-	-	138.911.974
Пласмани во банки	-		19.547.068	-	-	19.547.068
ХВ за тргување	111.663.081	-	-	-	-	111.663.081
ХВ кои се чуваат до доспевање	2.163.195	3.793.853	4.856.673	33.898.530	472.159.687	516.871.938
Останати побарувања	54.105.136	-	-	-	-	56.569.856
Вкупни средства	**309.308.106**	**3.793.853**	**24.403.741**	**33.898.530**	**472.159.687**	**843.563.917**
Обврски						
Нетековни финансиски обврски	-	-	-	1.587.521	-	1.587.521
Тековни финансиски обврски	11.583.881	108.968	499.159		-	12.192.009
Вкупни финансиски обврски	**11.583.881**	**108.968**	**499.159**	**1.587.521**	**-**	**13.779.530**
Нето ликвидна разлика на 30 септември 2026	**297.724.225**	**3.684.885**	**23.904.582**	**32.311.009**	**472.159.687**	**829.784.387**
31 декември 2025 година						
Вкупно средства	291.711.501	52.098.417	65.942.451	2.550.186	460.348.837	872.651.392
Вкупно финансиски обврски	23.312.689	105.848	484.865	2.086.680	-	25.990.082
Нето ликвидна разлика на 31 декември 2025	**268.398.812**	**51.992.569**	**65.457.586**	**463.506**	**460.348.837**	**846.661.310**

3.5 Проценка на објективната вредност

Објективна вредност претставува вредност за која едно средство може да биде заменето или некоја обврска подмирена под нормални комерцијални услови. Објективната вредност се одредува врз основа на претпоставка на раководството, зависно од видот на средството или обврската.

3.5.1 Финансиски инструменти евидентирани по објективната вредност

Во следната табела се прикажани финансиските средства измерени според објективната вредност во Извештајот за финансиската состојба во согласност со хиерархијата на објективната вредност. Оваа хиерархија ги групира финансиските средства и обврски во три нивоа кои се базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства. Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

- Ниво 1: котирани цени (некорегирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;
- Ниво 2: останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- Ниво 3: влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот.

Финансиските средства кои се евидентирани по објективна вредност во билансот на состојба се групирани според нивото на хиерархија на објективната вредност на 30 септември 2026 и 31 декември 2025 година се како што следи:

30.09.2026	Ниво 1	Ниво 2	Ниво 3	Вкупно
Средства				
Хартии од вредност кои се чуваат за тргување	-	111.663.081	-	**111.663.081**

31.12.2025	Ниво 1	Ниво 2	Ниво 3	Вкупно
Средства				
Хартии од вредност кои се чуваат за тргување	-	121.395.158	-	**121.395.158**

3.5.2 Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективната вредност

Сметководствената вредност и објективната вредност на оние финансиски средства и обврски кои во билансот на состојба не се евидентирани според објективна вредност се прикажани во табелата подолу:

	31 декември 2025		**30 септември 2026**	
	Сметководствена	**Објективна**	**Сметководствена**	**Објективна**
Средства				
Парични средства	103.220.402	103.220.402	138.911.974	138.911.974
Пласмани во банки	91.016.082	91.016.082	19.547.068	19.547.068
ХВ кои се чуваат до доспевање	497.986.367	465.412.228	516.871.938	481.105.927
Останати побарувања	59.033.383	59.033.383	56.569.856	56.569.856
Вкупни средства	**751.256.234**	**718.682.095**	**731.900.836**	**696.134.825**
Обврски				
Нетековни финансиски обврски	-	-	1.587.521	1.587.521
Тековни финансиски обврски	25.990.082	25.990.082	12.192.009	12.192.009
Вкупни финансиски обврски	**25.990.082**	**25.990.082**	**13.779.530**	**13.779.530**

Кредити и побарувања
Кредитите и побарувањата се евидентираат по амортизирана набавна вредност намалена за резервирање поради обезвреднување. Нивната објективна вредност соодветствува на сметководствената вредност, бидејќи се краткорочни.

Хартии од вредност кои се чуваат до доспевање
Објективната вредност на финансиски средства со кои не се тргува на активни пазари, се одредува според претпоставки базирани на пазарните услови кои постојат на датумот на известување.

Останати финансиски средства
Објективната вредност на монетарните средства што вклучуваат пари и парични еквиваленти се смета дека е приближна на нивната сметководствена вредност поради тоа што се со доспеаност помала од 3 месеци. Проценетата објективна вредност на депозитите по видување, вклучувајќи ги и некаматоносните депозити претставува износ кој треба да се исплати по видување. Објективната вредност на орочените депозити со варијабилни каматни стапки е нивната сметководствена вредност на денот на известување.

3.6 Управување со главнината

При управување на својот главнината, Друштвото се придржува кон следните цели:

- Придржување кон условите во врска со капиталот поставени од страна на регулаторот,
- Заштита на способноста на Друштвото да продолжи со своето деловно работење во континуитет и
- Одржување на цврста капитална база за поддршка на развојот на своите деловни активности.

Друштвото е должно да ја следи структурата на својата главнина.

Усогласеност со законската регулатива
Согласно со тековната законска регулатива, односно согласно член 20 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, главнината на Друштвото треба да изнесува 10 милиони евра од моментот кога средствата на двата пензиски фонда со кои управува Друштвото ќе надминат 900 милиони евра. На 30.09.2026 г. вредноста на двата пензиски фонда изнесува 1,72 милијарди евра, а главнината на Друштвото изнесува 869.391 илјади денари (14,14 милиони евра).

На 30 септември 2026 и 31 декември 2025 година состојбата е како што следи:

ОПИС	**31.12.2025**	**30.09.2026**
Главнина	883.395.222	869.391.325
Основна главнина	110.459.024	110.459.024
Минимум износ на главнина	614.950.000	616.855.000
Сооднос на главнина и основна главнина	**799,75%**	**787,07%**
Сооднос на главнина и минимум износ на главнина	**143,65%**	**140,94%**

4 Приходи и расходи од управување со фондовите

Приходи и расходи од управување со Задолжителниот фонд

Опис	01.01.2025-30.09.2025	01.01.2026-30.09.2026
Приходи од управување со фондот		
1.Приходи од надоместок од придонеси	98.942.663	105.813.659
2.Приходи од надоместок за управување	223.137.678	262.545.830
3.Приходи од надоместок за премин	2.778	930
Приходи од управување со фондот (1)	**322.083.119**	**368.360.419**
Расходи од управување со фондот		
1. Расходи за МАПАС (% од уплатени придонеси)	40.725.302	37.366.152
2. Расходи за чуварот на имот	13.605.180	14.556.674
3. Расходи за Фондот на ФПИОСМ (% од уплатени придонеси)	5.818.326	6.225.497
4. Трошоци за трансакции	-	-
5. Трошоци за маркетинг	2.309.156	2.021.751
6. Трошоци за агенти	1.654.970	2.280.569
7. Останати трошоци за управување со фондот	987.379	790.074
Расходи од управување со фондот (2)	**65.100.313**	**63.240.717**
Добивка или загуба од управувањето со фондот (1-2)	**256.982.806**	**305.119.702**

Приходи и расходи од управување со Доброволниот фонд

Опис	01.01.2025-30.09.2025	01.01.2026-30.09.2026
Приходи од управување со фондот		
1.Приходи од надоместок од придонеси	4.620.149	4.922.752
2.Приходи од надоместок за управување	14.276.046	16.711.116
3.Приходи од надоместок за премин	720	-
Приходи од управување со фондот (1)	**18.896.915**	**21.633.868**
Расходи од управување со фондот		
1. Расходи за МАПАС (% од уплатени придонеси)	1.328.131	1.224.082
2. Расходи за чуварот на имот	949.416	1.111.772
3. Трошоци за трансакции	-	-
4. Трошоци за маркетинг	199.886	182.217
5. Трошоци за агенти	2.066.733	2.397.545
6. Останати трошоци за управување со фондот	263.337	240.339
Расходи од управување со фондот (2)	**4.807.503**	**5.155.955**
Добивка или загуба од управувањето со фондот (1-2)	**14.089.412**	**16.477.913**

5 Останати приходи на Друштвото

Опис	01.01.2025-30.09.2025	01.01.2026-30.09.2026
Приходување на проектиран трошок за годишни извештаи до членовите	230.463	271.863
Останати приходи	113.095	321.921
Вкупно	**343.558**	**593.784**

6 Трошоци за суровини и други материјали

Опис	01.01.2025-30.09.2025	01.01.2026-30.09.2026
Потрошен канцелариски материјал и материјали за тековно одржување	318.049	372.841
Потрошена енергија	450.606	388.306
Потрошено гориво за патнички возила	377.299	465.778
Вкупно	**1.145.954**	**1.226.925**

7 Трошоци за услуги

Опис	01.01.2025-30.09.2025	01.01.2026-30.09.2026
Трошоци за пошта, телефон, интернет, Блумберг и сл.	2.260.174	2.669.365
Услуги за одржување	5.683.000	5.324.053
Услуги за чување на деловна документација во хартиена форма	231.010	257.562
Услуги за управување со документарен и архивски материјал во дигитален формат	420.480	408.090
Останати наеми (за принтери, конференцсики сали и др.)	250.687	168.912
Трошоци за такси	47.858	45.522
Останати услуги	509.281	465.931
Вкупно	**9.402.490**	**9.339.435**

8 Плати, надомести и останати трошоци за вработените

Опис	01.01.2025-30.09.2025	01.01.2026-30.09.2026
Трошоци за бруто плати	37.081.647	43.990.869
Регрес за годишен одмор	1.650.000	1.850.000
Новогодишен надомест	-	-
Отпремнина за пензија	-	-
Надомест за одвоен живот	-	-
Други лични примања по менаџерски договор	-	-
Трошоци за службени патувања	2.392.924	887.781
Трошоци за стручно образование	196.634	324.463
Доброволно здравствено осигурување	432.842	511.559
Доброволно пензиско осигурување	2.130.865	2.387.189
Останати трошоци за вработените	732.439	934.007
Вкупно	**44.617.351**	**50.885.868**

9 Останати трошоци од работењето

Опис	01.01.2025-30.09.2025	01.01.2026-30.09.2026
Банкарски провизии	324.726	60.482
Трошоци за осигурување	62.412	78.789
Правни, нотарски и ревизорски услуги	29.035	22.786
Услуги по договор за дело	4.873.498	3.050.064
Трошоци за репрезентација	1.223.606	771.961
Надоместоци на членови на НО	2.660.770	2.866.944
Такси, членарини и други надоместоци	65.566	578.406
Даноци кои не зависат од резултатот	28.118	0
Трошоци за користење на лиценци	1.178.094	1.663.137
Трошоци за спонзорства и донации	566.020	178.213
Останати неспомнати трошоци од работењето*	2.998.120	2.693.321
Вкупно	**14.009.965**	**11.964.103**

*Во останати неспомнати трошоци од работењето со износ од 2.693.321 денари се вклучени трошоци за интелектуални услуги и консултанти со износ од 1.669.112 денари, информатичко компјутерски услуги за cloud со износ од 364.404 денари, трошоци за претплата на стручни списанија и стручна литература со износ 443.038 денари и останати нематеријални трошоци.

10 Финансиски приходи и расходи

Опис	01.01.2025-30.09.2025	01.01.2026-30.09.2026
Приходи од камати на депозити	3.035.116	3.299.576
Приходи од камата на трансакциска сметка	2.167.545	2.502.222
Приходи од камати на хартии од вредност	16.304.239	16.562.073
Приходи од дисконт на хартии од вредност	(326.236)	(364.566)
Нереализирани добивки од хартии од вредност	7.994.971	2.217.835
Нереализирани загуби од хартии од вредност	(3.371.022)	(2.108.331)
Реализирани добивки од хартии од вредност	121.475	106.920
Реализирани загуби од хартии од вредност	-	(38.746)
Приходи по основ на позитивни курсни разлики	10.006.090	5.161.099
Расходи по основ на негативни курсни разлики	(8.368.249)	(3.660.319)
Расходи од камати	(29.566)	(41.616)
Расходи за камата за наеми согласно ИФРС 16	(92.799)	(74.651)
Вкупно финансиски приходи - расходи	**27.441.564**	**23.561.496**

11 Данок на добивка

Заклучно со 30 септември 2026 година, односно со 30 септември 2025 година пресметката на данокот на добивка е:

	30.09.2025	30.09.2026
Данок од добивка (пресметковен данок од добивка)	22.536.952	26.739.178

12 Нематеријални средства

ОПИС	Софтвер	Лиценци	Нематеријални средства во подготовка	Вкупно
Набавна вредност на 01.01.2026	**24.623.389**	**900.000**	**-**	**25.523.389**
Набавки во текот на годината	-	-	292.802	**292.802**
Активирање на нематеријални средства	-	-	-	-
Состојба на 30.09.2026	**24.623.389**	**900.000**	**292.802**	**25.816.191**
Акумулирана амортизација на 01.01.2026	**21.252.774**	**900.000**	**-**	**22.152.774**
Амортизација за годината	1.054.976	-	-	1.054.976
Состојба на амортизација на 30.09.2026	**22.307.750**	**900.000**	**-**	**23.207.750**
Нето евидентирана вредност на 30.09.2026	**2.315.639**	**-**	**292.802**	**2.608.441**
Нето евидентирана вредност на 31.12.2025	**3.370.615**	**-**	**-**	**3.370.615**

13 Недвижности, постројки и опрема

ОПИС	Објекти	Средства со право на користење по ИФРС 16	Мебел, компјутери,возила и друга опрема	Материјални средства во подготовка	Вкупно
Набавна вредност на 01.01.2026	**39.971.045**	**3.348.994**	**26.251.560**	**-**	**69.571.599**
Набавки во текот на годината	-	-	2.349.931	-	2.349.931
Евиденција наем на деловен објект по МСФИ 16	-	-		-	-
Отуѓување и расходување	-	-	(127.204)	-	(127.204)
Состојба на 30.09.2026	**39.971.045**	**3.348.994**	**28.474.287**	**-**	**71.794.326**
Акумулирана амортизација на 01.01.2026	**6.744.717**	**669.804**	**17.520.395**	**-**	**24.934.916**
Амортизација за годината	749.457	-	2.638.001	-	3.387.458
Амортизација по МСФИ 16	-	502.353	-	-	502.353
Отуѓување и расходување	-	-	(127.204)	-	(127.204)
Состојба на амортизација на 30.09.2026	**7.494.174**	**1.172.157**	**20.031.192**		**28.697.523**
Нето евидентирана вредност на 30.09.2026	**32.476.871**	**2.176.837**	**8.443.096**	**-**	**43.096.804**
Нето евидентирана вредност на 31.12.2025	**33.226.328**	**2.679.190**	**8.731.166**	**-**	**44.636.684**

Со состојба на 30 септември 2026 година на објектот во сопственост на Друштвото нема заложно право-хипотека.

14 Финансиски инструменти по категории

Евидентираните вредности на финансиските средства и обврски на Друштвото признаени на датумот на Извештајот за финансиската состојба за објавените периоди можат исто така да бидат категоризирани на следниов начин:

	По објективна вредност преку добивки и загуби	Кредити и побарувања	До доспевање	Вкупно
Средства според Биланс на состојба				
Парични средства	-	138.911.974	-	138.911.974
Дадени кредити, депозити и кауции	-	19.547.068	-	19.547.068
Хартии од вредност за тргување	111.663.081	-	-	111.663.081
Хартии од вредност чуваат до доспевање	-	-	516.871.938	516.871.938
Останати краткорочни побарувања	-	56.569.856	-	56.569.856
Вкупни средства на 30.09.2026	**111.663.081**	**215.028.898**	**516.871.938**	**843.563.917**
Нетековни финансиски обврски	-	-	1.587.521	1.587.521
Тековни финансиски обврски	-	-	12.192.009	12.192.009
Вкупни финансиски обврски на 30.09.2026	**-**	**-**	**13.779.530**	**13.779.530**

	По објективна вредност преку добивки и загуби	Кредити и побарувања	До доспевање	Вкупно
Средства според Биланс на состојба				
Парични средства	-	103.220.402	-	103.220.402
Дадени кредити, депозити и кауции	-	91.016.082	-	91.016.082
Хартии од вредност за тргување	121.395.158	-	-	121.395.158
Хартии од вредност чуваат до доспевање	-	-	497.986.367	497.986.367
Останати краткорочни побарувања	-	59.033.383	-	59.033.383
Вкупни средства на 31.12.2025	**121.395.158**	**253.269.867**	**497.986.367**	**872.651.392**
Тековни финансиски обврски	-	-	25.990.082	25.990.082
Вкупни финансиски обврски на 31.12.2025	**-**	**-**	**25.990.082**	**25.990.082**

15 Пари и парични еквиваленти

Опис	**31.12.2025**	**30.09.2026**
Трансакциска сметка во Комерцијална банка	822.632	610.217
Девизна трансакциска сметка во Комерцијална банка	3.289	-
Трансакциска сметка во Прокредит банка	102.373.347	138.271.239
Благајна	11.037	16.388
Останати парични средства	10.097	14.130
Тотал пари и парични еквиваленти	**103.220.402**	**138.911.974**

16 Хартии од вредност кои се чуваат до доспевање

Опис	**31.12.2025**	**30.09.2026**
Државни обврзници што доспеваат над 1 година	462.899.023	506.058.217
Краткорочен дел од обврзници што доспеваат до 1 година	35.087.344	10.813.721
Тотал обврзници во доспевање	**497.986.367**	**516.871.938**

Државните обврзници кои се чуваат до доспевање се во износ од 516.872 илјади денари (2025: 497.986 илјади денари) и истите се состојат од обврзници за денационализација во износ од 2.577 илјади денари (2025 година: 4.575 илјади денари) и континуирани обврзници во износ од 514.295 илјади денари (2025 година: 493.411 илјади денари) се издадени од Министерството за финансии на Република С. Македонија.

Обврзниците за денационализација имаат еднакви годишни рати кои доспеваат на 31 мај секоја година до 31 мај 2030 година и се со годишна каматна стапка од 2,00%. Континуираните обврзници доспеваат во период од 2031 до 2050 година и се со годишна каматна стапка од 2,20% до 5,35%.

17 Хартии од вредност кои се чуваат за тргување

Опис	**31.12.2025**	**30.09.2026**
Обврзници за денационализација	4.303.728	1.810.803
Континуирани обврзници	117.091.430	109.852.278
Вкупно	**121.395.158**	**111.663.081**

Обврзниците за денационализација се со каматна стапка од 2,00% годишно и достасуваат во годишни рати од 2026 година до 2028 година.
Континуираниране обврзници се со каматна стапка од 2,20% до 5,90%. Каматата се исплатува во годишни рати, а главницата доспева во период од 2032 до 2040 година.

18 Дадени кредити, депозити и кауции

На 30 септември 2026

Депозити што доспеваат до 1 година

ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ	30.12.2025-30.12.2026	5.000.506	3,70%	фиксна камата
ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ	04.08.2026-04.02.2027	9.543.994	3,72%	фиксна камата
НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ	26.08.2026-26.08.2027	5.002.568	3,75%	фиксна камата
Вкупно		**19.547.068**		

На 31 декември 2025

Депозити што доспеваат до 1 година

ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ	30.12.2025-30.12.2026	60.006.082	3,70%	фиксна камата
ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ	31.07.2025-31.01.2026	31.010.000	3,65%	фиксна камата
Вкупно		**91.016.082**		

Со состојба на 30 септември 2026 година, Друштвото има потпишано договор за:

- Флексибилен депозит со Халк Банка АД Скопје со оригинален рок на доспевање од 1 година и каматна стапка од 3,70%. Договорот дозволува делумно повлекување на орочениот депозит пред истек на рокот за орочување без казнена камата се додека Друштвото одржува минимално салдо од 5 милиони денари. Доколку условот за одржување минимално салдо не се исполни, на износот на минималното салдо се пресметува камата по видување. Договорот исто така дозволува дополнителни уплати до достигнување на вкупен износ од 60 милиони денари.
- Флексибилен депозит со Шпаркасе банка АД Скопје со оригинален рок на доспевање од 6 месеци и каматна стапка од 3,72%, кој дозволува дополнителни уплати до достигнување на вкупен износ од 180 милиони денари.
- Флексибилен депозит со НЛБ банка АД Скопје со оригинален рок на доспевање од 1 година и каматна стапка од 3,75%, кој дозволува дополнителни уплати до достигнување на вкупен износ од 60 милиони денари.

19 Останати побарувања

Опис	**31.12.2025**	**30.09.2026**
Побарувања за надомест од уплатени придонеси во Задолжителниот фонд	29.882.513	23.799.787
Побарување за дадени аванси	108.456	-
Останати побарувања	147.207	119.553
Побаравања за повеќе платени даноци	1.459	-
Останати побарувања од вработените	3.662	11.434
Вкупно	**30.143.297**	**23.930.773**

20 Однапред платени трошоци и пресметани приходи

Опис	**31.12.2025**	**30.09.2026**
Однапред платени трошоци за одржување, годишни претплати и друго	785.583	708.608
Трошоци што се разграничуваат на повеќе периоди (Блумберг и лиценци за софтвер)	2.119.356	2.227.119
Пресметани, а нефактурирани приходи од влезна провизија и провизија за управување на пензиските фондови	29.003.663	32.770.069
Вкупно	**31.908.602**	**35.705.796**

21 Акционерски капитал

Со состојба на 30 септември 2026 година и 31 декември 2025 година, акционерскиот капитал (основна главнина) на Друштвото изнесува 110.459 илјади денари односно 1.800.000 евра кои се целосно уплатени.

Акционер	Број на акции	Вредност по акција во ЕУР	Вредност во ЕУР	Учество во %
Прва Груп плц., Љубљана	918	1.000	918.000	51%
Комерцијална Банка АД, Скопје	882	1.000	882.000	49%
Вкупно	**1.800**		**1.800.000**	**100%**

Објавена и платена дивиденда за период на известување со 30 септември 2026 година
Објавена дивиденда за исплата од добивката за 2025 година: 254.656 илјади денари
Износот од 254.656 илјади денари се исплати во јуни 2026 година.
Конечна дивиденда од 141.476 денари по акција:

Објавена и платена дивиденда за период на известување со 31 декември 2025 година
Објавена дивиденда за исплата од добивката за 2024 година: 226.561 илјади денари
Износот од 226.561 илјади денари се исплати во јуни 2025 година.
Конечна дивиденда од 125.867 денари по акција:

22 Обврски кон добавувачи во земјата и останати обврски

Отпис	**31.12.2025**	**30.09.2026**
Обврски кон добавувачите во земјата	2.475.982	2.278.650
Обврски кон добавувачите во странство	327.460	466.021
Обврски кон МАПАС	5.896.796	4.517.479
Обврски кон Фондот на ПИОМ	2.200.114	2.143.927
Обврски кон чувар на имот	1.655.008	1.815.270
Вкупно	**12.555.360**	**11.221.347**

23 Краткорочни обврски за даноци и други давачки

Опис	**31.12.2025**	**30.09.2026**
Обврски за данок на додадена вредност	58.943	83.884
Обврски за персонален данок на доход	8.742	169.651
Обврски за даноци и придонеси од плати	2.218.280	-
Обврски за даноци од добивката	6.055.678	7.164.159
Вкупно	**8.341.643**	**7.417.694**

24 Пресметано, а одложено плаќање на трошоците

Вкупниот износ од 226.851 денари се однесува воглавно на евидентирана тековна обврска за агентски договори за задолжителниот и доброволниот фонд.

25 Останати обврски спрема вработените

Резервирања за користи за вработените

Резервирањата за користи од вработените се состојат од резервирања за отпремнини и јубилејни награди. Во согласност со националното законодавство во моментот на заминување во пензија Друштвото плаќа отпремнина при пензионирање на своите вработени.

Обврски за дефинирани користи

	31.12.2025	**30.09.2026**
Сегашна вредност на обврската за отпремнини	569.546	569.546
	569.546	**569.546**

Останати користи за вработените

	31.12.2025	30.09.2026
Сегашна вредност на обврската за јубилејни награди	1.240.050	1.240.050
	1.240.050	**1.240.050**

26 Потенцијални обврски

На 30 септември 2026 година против Друштвото не се води ниту еден судски спор (2025: нема).
На 30 септември 2026 година Друштвото нема преземени капитални обврски (2025: нема).

27 Трансакции со поврзани субјекти

Трошоците и приходите со поврзаните субјекти со 30 септември 2026 година и 30 септември 2025 и средства и обврските со поврзаните субјекти со 30 септември 2026 година и 31 декември 2025, се прикажани во табелата што следи:

Трошоци од поврзани субјекти	**01.01.2025-30.09.2025**	**01.01.2026-30.09.2026**
Комерцијална банка АД Скопје		
Наем на сеф	4.189	4.189
Негативни курсни разлики	23.824	108.812
Банкарска провизија	324.726	60.482
Брокерски услуги	-	-
Комерцијални ваучери	7.000	-
Вкупни трошоци од Комерцијална банка	**359.739**	**173.483**
Прва Груп плц. Љубљана		
Вкупни трошоци од Прва Груп плц. Љубљана	**-**	-
Прва живот АД Скопје		
Трошоци за префактурирање на режиски трошоци	250.515	255.540
Трошоци за животно осигурување	43.348	132.450
Трошок за камата за ИФРС 16 пресметка	92.799	74.651
Вкупни трошоци со Прва живот	**386.662**	**462.641**
Вкупни трошоци од поврзани субјекти	**746.401**	**636.124**
Приходи од поврзани субјекти	**01.01.2025-30.09.2025**	**01.01.2026-30.09.2026**
Комерцијална банка АД Скопје		
Вкупни приходи од Комерцијална банка	**-**	**-**
Вкупни приходи од поврзани субјекти	**-**	**-**
Средства кај поврзани субјекти	**31.12.2025**	**30.09.2026**
Комерцијална банка АД Скопје		
Средства на денарски трансакциски сметки	822.632	610.217

Средства на девизни трансакциски сметки	3.289	-
Вкупни средва во Комерцијална банка	**825.921**	**610.217**
Вкупно средства кај поврзани субјекти	**825.921**	**610.217**
Обврски кон поврзани субјекти	**31.12.2025**	**30.09.2026**
Комерцијална банка АД Скопје		
Обврски за бизнис картички	584	-
Обврски за исплата на дивиденда	-	-
Вкупни обврски кон Комерцијална банка	**584**	**-**
Прва Груп плц. Љубљана		
Обврски за исплата на дивиденда	-	-
Вкупни обврски кон Прва Груп	-	**-**
Прва живот АД Скопје		
Обврски за режиски трошоци	34.711	19.776
Обврска за наем на деловен простор	61.495	61.686
Краткорочни обврски согласно МСФИ 16	643.381	662.349
Долгорочни обврски согласно МСФИ 16	2.086.680	1.587.521
Вкупни обврски кон Прва живот	**2.826.267**	**2.331.332**
Вкупни обврски кон поврзани субјекти	**2.826.851**	**2.331.332**
Побарувања кон поврзани субјекти	**31.12.2025**	**30.09.2026**
Вкупни побарувања кон поврзани субјекти	**-**	**-**
Опис	**01.01.2025-30.09.2025**	**01.01.2026-30.09.2026**
Трошоци за клучен персонал	**10.003.468**	**11.654.707**

Во трошоци за клучен персонал е вклучен бруто трошок за членовите на Управниот одбор по основ на бруто плати и бонус, регрес за годишен одмор, новогодишен надоместок како и бруто надоместок за членовите на Надзорниот одбор.

28 Настани по датумот на известување

Не постојат материјално значајни настани што се случиле после датумот на известување, а кои би кои би требало да се обелоденат во овие финансиски извештаи.

г-ѓа Весна Стојановска
Претседател на Управен одбор

г-дин Иван Стојановиќ
Член на Управен одбор